# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА СТРУКТУРНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 28/97 од 20.06.1997 година**

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој со кредит во износ од 20,6 милиони специјални права на влечење (еквивалент на 30 милиони американски долари), наменет за подобрување на платниот биланс на Републиката.

## Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 од овој Закон се утврдуваат со договорот за кредит за структурно приспособување, склучен меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

## Член 3

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 35 години со грејс период од 10 години. Кредитот ќе се отплатува во еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 01 февруари и 01 август секоја година, почнувајќи од 01 август 2007 година.

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува меѓународното здружение за развој на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето во сила на договорот за кредит до денот на повлекување на средствата.

На повлечениот износ од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање, се плаќа провизија за услуги по стапка од 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 2 и 3 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 април и 15 октомври секоја година.

## Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој Закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.